INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

# БИЛТЕН

*Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје*

*Број 63 / 2022*

ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ
ул. 20 октомври бр.8/2 кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел. +389 (0)2 3113 059 ; е-маил: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

## СОДРЖИНА

- ЗАПИСНИК од шеесет и третата седницата на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје

- РЕФЕРАТ за избор на еден научен соработник во Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје

**ЗАПИСНИК**

**од шеесет и третата седницата на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје**

На 19ти април 2022 се одржа шеесет и третата седница на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје во состав: проф. д-р Дона Колар Панова, проф. д-р Катерина Колозова, проф. д-р Калина Лечевска, проф. д-р Викторија Боровска, проф. д-р Ана Блажева, доц.др. Искра Геразова Мујчин, доц. д-р Ристо Карајков, доц. д-р. Здравко Савески, проф. д-р Маја Мухиќ, асс. Александар Саздовски

ДНЕВЕН РЕД на шеесетт и третата седница на Научно-наставниот совет,

**НАУЧНО-НАСТАВЕН СОВЕТ**

**19 април, 2022**

Дневен ред на 63 седница на Советот:

**1. Усвојување на нацрт Записникот од 62-та седница на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје;**

**2. Одлука за избор во звање на кандидатот д-р Тихомир Топузовски;**

**3. Одлука за формирање на комисија за одбрана на магистерскиот труд на тема: "Локалната власт и децентрализацијата во Република Северна Македонија – со посебен осврт на општините од Југоисточниот плански регион", на студентката Катерина Мишева-Колева;**

**4. Разно.**

Записник од 63-та седница на Советот:

1. Усвојување на нацрт Записникот од 62-та седница на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје; Советот едногласно со усвои нацрт Записникот од 62-та седница на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје

2. Одлука за формирање за избор во звање на кандидатот д-р Тихомир Топузовски; Врз основа на позитивниот рецензентски извештај од комисијата, Советот донесе формирање одлука за избор во звање на кандидатот д-р Тихомир Топузовски во научен соработник/доцент од областа на општествени и хуманистички науки;

3. Одлука за формирање на комисија за одбрана на магистерскиот труд на тема: "Локалната власт и децентрализацијата во Република Северна Македонија – со посебен осврт на општините од Југоисточниот плански регион", на студентката Катерина Мишева-Колева; советот формираше комисија за одбрана на магистерскиот труд на тема: "Локалната власт и децентрализацијата во Република Северна Македонија – со посебен осврт на општините од Југоисточниот плански регион" во состав:
-проф. д-р Катерина Колозова
-проф. д-р Калина Лечевска
-проф. д-р Ана Блажева

4. Разно.
-За оваа точка немаше дискусија.

Записничар,
Д-р Викторија Боровска

19.04.2022, во Скопје

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 44/2022
13.04 20 22 год.
СКОПЈЕ

**РЕФЕРАТ**

За избор на еден научен соработник во Институтот за оштествени и хуманистички науки - Скопје.

Со одлука на Научниот совет на Институтот за опшстествени и хуманистички науки – Скопје, на својата редовна седница на Научниот совет одржана на 09.03.2022 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден научен соработник.

Кон пријавата се приложени потребните материјали, документи и податоци: биографија и библиографија на кандидатот, со објавени трудови и примероци од објавените трудови кои го сочинуваат опусот на научно-истражувачката и уметничката дејност на кандидатот.

Врз основа на поднесените материјали, Рецензентската комисија ги презентира следниве мислења и заклучоци:

1. Биографски податоци на д-р Тихомир Топузовски;
2. Преглед и оценка на научно-истражувачката и уметничката дејност;
3. Оцена за исполнетоста на условите за избор во звањето научен соработник (еквивалент: доцент).

Комисијата во состав: проф. д-р Дона Колар-Панова, проф. д-р Катерина Колозова, проф. д-р. Викторија Боровска по прегледот на доставените материјали, го поднесува на усвојување следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Тихомир Топузовски, роден на 08.09.1978 година дипломирал на Факултетот за ликовни уметности, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје во 2002 и на Филозофскиот факултет, на Институтот по филозофија, при Универзитетот Св. „Кирил и Методиј“ од Скопје во 2005 година.

Истата година ги завршува последипломските студии на Факултет за ликовни уметности и се стекна со звање Магистер по ликовна уметност.
Во 2013 ја брани својата докторска дисертација „Инструментална територијализација, културни промени и уметнички практики“, на Универзитет во Бирмингем, Велика Британија.

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

Во периодот од 2018 година до денес организира бројни предавања, дискусии и семинари од областа на културата, образованието, уметноста. Има работено како куратор и модератор на дискуризивната програма именувана: „Општествено ангажирана уметност во новата реалност".
Од 2018 година е тој е раководител на интердисциплинарната програма при МСУ и уредник на списанието Големото Стакло/The Large Glass, публикувано од Музејот на современата уметност Скопје.

## II. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

### 1. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во својата научно-истражувачка дејност Тихомир Топузовски има соработувано со различни институции и организации. Има поминато 3 години на Универзитет Содерторн, во Стокхолм, Шведска, каде од 2015 до 2017 година работел на постдокторско истражување со интердисциплинарен карактер во центарот за Балтички и Источноевропски студии.
Во 2021 година работел како визитинг предавач на Универзитет Содерторн, од Стокхолм, Шведска

### 2. ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ:

Монографии и поглавја во едитирани изданија (Насловите се наведени во оригинал)

1. Newman S. & Topuzovski T. (2021) *The Posthuman Pandemic*, Bloomsbury Academic.
2. Topuzovski T. & Andreas L. (2020) *Political protest, temporary urbanism and the deactivation of urban spaces, in Transforming Cities Through Temporary Urbanism - A Comparative Overview*, ed. ANDRES, L & ZHANG, Y, Springer.
3. Topuzovski T. (2019) *Horizons: Selected lectures at Museum of contemporary art Skopje 2018-2019*, MoCA Skopje.
4. Topuzovski T. (2014) *Instrumental territorialisation, cultural change and artistic practices: the case of the Western Balkans*, University of Birmingham, UK.

Статии во стручни списанија (Насловите се наведени во оригинал)

1. Topuzovski T. (2021) *Aesthetics technique and spatial occupation in hybrid political regimes*, Baltic Worlds, Vol. XIV:3, pp 57-63.
2. Topuzovski T. (2019) *Retracing solidarity*, Baltic Worlds, Vol. XII. pp 45-46.
3. Topuzovski T. (2019) Beyond our perception of femininity – On the exhibition 'Perception engendered', *Catalogue Text, Perceptions Engendered*, British Council, pp. 36-39.

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

4. Topuzovski T. (2017) *Subversive artistic practices: Visualising resistance in the Republic of Macedonia*, Baltic Worlds, X: 1, pp. 9-17.
5. Topuzovski T. (2011) *Manufacturing identities, Political thought, Konard Adenauer Stiftung*, 34, pp. 67-73.
6. Topuzovski T. (2010) *Enjoying the instrumental space, Political thought*, Konard Adenauer Stiftung, 31, pp. 99-105.
7. Topuzovski T. (2009) *From the imagining of the Balkans to the invention of The Western Balkans*, Reartikulacija, 6, pp. 19-20.
8. Топузовски Т. (2008) *За невозможноста од религиозен дијалог*, Политичка мисла, Конард Аденауер Штифунг, 21, стр. 97-102.
9. Топузовски Т. (2007) *За синхронизација и алохронизација*, Политичка мисла, Конард Аденауер Штифунг, 17, стр. 69-76.
10. Топузовски Т. (2006) *Македонски Гамбит*, Форум Аналитика, 7, стр. 163-175.
11. Топузовски Т. (2006) *Инсеминација на Западниот Балкан*, Политичка мисла, Конард Аденауер Штифунг, 14, стр. 15-25.
12. Топузовски Т. (2006) *Цртежи на навреда*, Политичка мисла, Конард Аденауер Штифунг, 13, стр. 74-76.
13. Topuzovski T. (2006) *Identitet i Razlike*, Gerusija, Filozofski fakultet, Novi Sad, str. 27-35.
14. Топузовски Т. (2006) *Може ли Македонецот да зборува*, Форум Аналитика, 5, стр. 156-167.
15. Топузовски Т. (2005) *Утилитаризмот како утринска молитва*, Политичка мисла, Конард Аденауер Штифунг, 8, стр. 89-94.

**3. НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ**

Д-р Тихомир Топузовски во периодот неомври-декември 2021 бил ангажиран како визитинг предавач на Универзитет Содерторн, од Стокхолм, Шведска. На иститот Универзитет го реализирал својот тригодишен пост-докторски научено истражуваки престој.

Покрај ова тој бил и учесник на меѓународни конференции, семинари, работилници. Насловите на настаните се наведени во оригинал:

2021 - Меѓународна конференција CreArt *Социјално осигурување и оданочување за уметниците*, Организатор Град Скопје.
2020 - *Politics of spatial violence*, Advanced seminar series, Centre for Baltic and East European Studies (CBEES), Södertörn University.
2016 - *Instrumental territorialisation, cultural change and artistic practices*, Higher seminar organised by the Centre for Baltic and East European Studies (CBEES), Södertörn University.
2015 - *Places and non-places of modernity: Movement, memory and imagination in contemporary Europe*, Centre for Baltic and East European studies at Södertörn University (CBEES).
2014 - *Уметничката критика денес*, Годишен симпозиум на Здружението на ликовни критичари АИКА Македонија.
2013 - IV *EUGEO Congress*. 5-7 September, Rome, Italy.
2012 - *Security of geography/geography of security*, the Annual International conference, University of Edinburgh, UK.
2011 - *GEES conference*, University of Birmingham, UK.

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

2010 - *Modern South-East Europe*, London School of Economy, London, UK.
2010 - *From utopia to heterotopia*, University of Birmingham, UK.
2010 - *GEES conference*, University of Birmingham, UK.
2010 - *Europe inside out*, Graduate centre for Europe, University of Birmingham, UK.
2009 - *Уметноста на посткомунизмот*, Униврзитет Тексас A&M, САД (Како дел од изложбата Катаклизмите и креативноста: уметноста во ерата на неизвесноста).
2008 - *Машина за преименување*, Точка, Скопје, Македонија.
2008 - *Politics and contemporary art*, Stacion, Pristina, Kosovo.
2008 - *Returning to the Political economy*, International philosophical school, Ljubljana, Slovenia.
2007 - *Dekonstruktivizam*, Filozofski fakultet, Rijeka, Hrvatska.
2007 - *Кураторски преведувања*, Мала Станица, Скопје, Македонија.
2006 - *Меѓународен философски симпозиум*, Филозофски факултет, Дубровник, Хрватска.
2005 - *Меѓународен философски симпозиум*, Филозофски факултет, Нови Сад, Србија.
2005 - *Филозофска летна школа*, Изола, Словенија.

Досегашното научно-истражувачко и работно искуство, објавените трудови, учеството во работата на бројни семинари, работилници, додипломското образование и завршените постдипломски и докторски студии, сведочат за упатеноста на д-р Тихомир Топузовски во научната дејност.

### III. ОЦЕНА ЗА ИСПОЛНЕТОСТА НА УСЛОВИТЕ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

По прегледувањето на приложените трудови, особено по прегледувањето на успешно одбранетиот докторски труд и по усогласувањето на поединечните мислења, констатирано е дека научната дејност на д-р Тихомир Топузовски се развиваат и се фокусираат во однос на интердисциплинарните области од општествените и хуманистички науки.

**Заклучок:**

Од приложената документација може да се константира дека: д-р Тихомир Топузовски има искуство во подготовка и реализација на проекти од подрачјето на хуманистичките науки, особено во областите на културата и уметноста. Неговата работа и трудови се базирани на самостојно работени интердисциплинарни проекти, поткрепени со соодветна методологија што покажува дека успешно ја владее научната дејност.

Темите кои ги опфаќа во својата работа, магистерскиот и докторскиот труд покажува дека има значаен удел за општествените и хуманистичките дисциплини во Северна Македонија. Со тоа покажува сериозна иницијативност, самостојност и желба да даде придонес во развојот на соодветните научни области.

Откако внимателно ја разгледа приложената документација, комисијата заклучи дека д-р Тихомир Топузовски ги исполнува условите предвидени со Законот за научно – истражувачка дејност на

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

Република Северна Македонија, за избор во научно звање - научен соработник (еквивалент: доцент).

**Предлог:**

Запознавајќи се со научниот опус и наставените активности на д-р Топузовски, можеме да заклучиме дека тој постигнала значајни резултати кои имат влијание на развојот на науката и практиката во Република Северна Македонија, особено во областа на културолошките науки и уметноста. Имајќи го предвид сето ова, ни претставува чест и задоволство да му предложиме на Научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, д-р Тихомир Топузовски да се избере во звањето научен соработник (еквивалент: доцент) при Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје.

Рецензентска комисија:

Д-р Дона Колар-Панов, редовен професор,
Меѓународен Балкански Универзитет

Институт за општествени и хуманистички науки • СКОПЈЕ

Д-р Катерина Колозова, редовен професор,
Институт за општествни и хуманистички науки - Скопје

Д-р Викторија Боровска, вонреден професор,
Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk